

Состанок на кој учесниците партиципираат е моделот што сите го посакуваат. Учеството создава очекување дека резултатот од состанокот учесниците ќе ги почитуваат и ќе се погрижат договорените работи да се спроведат.

Во партиципативните групи, сите членови се поттикнуваат да проговорат и да кажат што имаат на ум. Ова ја зајакнува групата на неколку начини. Членовите стануваат похрабри при покренувањето на тешките прашања. Учат како да ги споделат “првичните” идеи. И стануваат многу попосветени на откривањето и прифаќањето на различноста на мислењата и потеклата битни за нивната група.

За да се постигне одржлива согласност, членовите треба да ја разберат и да ја прифатат легитимноста на потребите и целите на другите. Ова основно чувство на прифаќање и разбирање е она што им овозможува на луѓето да развијат иновативни идеи, кои ги вклучуваат гледиштата на сите нив.

Вклучителните решенија се мудри решенија. Нивната мудрост произлегува од интеграцијата на потребите и гледните точки на сите.

Во партиципативните групи, членовите чувствуваат силна одговорност да создаваат и да развиваат одржлива согласност. Тие сваќаат дека мора да сакаат и да бидат во состојба да ги спроведат предлозите кои ќе ги прифатат, затоа се трудат да дадат и да

примат што повеќе информации пред да ја донесат конечната одлука. Ова е во остра спротивност со конвенционалната претпоставка дека сите ќе бидат земени на одговорност за последиците од одлуките донесени од неколку клучни луѓе.

**Содржина**

- Вовед во фацилитација;
- Основни елементи на фацилитаторскиот процес;
- Улогата на фацилитаторот;
- Вештини на фацилитација (парафразирање, сумирање, охрабрување, собирање идеи и мислења, воспоставување ред и рамнотежа, правење простор);
- Состаноци: содржина, процедури и процес (групна динамика);
- Ефективно водење состаноци